# Политика за родова еднаквост и вклучување на родовите аспекти во главните политики на Мрежа за рурален Развој



МРЕЖА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## СОДРЖИНА


**Резиме....................................................................................................3**

**Вовед....................................................................................................4**

**Општи поими и терминологија..................................................................5**

**Контекст....................................................................................................8**

**Водечки принципи.......................................................................................9**

**Цели....................................................................................................9**

**Области на делување..................................................................................10**

**Минимум стандарди за воведување родова еднаквост.................................10**

**Воведување на родово сензитивен систем за мониторинг и евалуација ....................................................................11**

## РЕЗИМЕ

Според донесената Стратегија на Мрежата за рурален развој, за период 2019-2022, Мрежата ќе се фокусира на остварување на три стратегиски цели. При реализација на поставените стратегиски цели, вработените и членките на мрежата, ќе прават проценка и ќе го имаат предвид влијанието на планираните активности и резултати врз можностите за интеграција и еднаква застапеност на жените, како хоризонтална област интегрирана во секоја од стратешките цели.
Оваа политика ја изразува заложбата на Мрежата за рурален развој да ја промовира родовата еднаквост во сите сегменти на своето работење, започнувајќи од организациската структура на мрежата и нејзините членки, па се до планирање и имплемтација на оперативните активности. Политиката ја трасира насоката на Мрежата и нејзините членки за вклучување на родовата перстектива во сите активности, вклучувајќи ги и напорите за анализа и адресирање на специфичните потреби и улогата на жените и мажите, соодветно за секоја интервенција.

Оваа политика ги вклучува следните насоки и барања до сите членки на Мрежата за рурален развој:

1. Воспоставување на **а) политики б) стратегии** или **в)акциони планови** кои ја промовираат родовата еднаквост

2. Вклучување на родовите аспекти во дизајнот на проектите/активностите/интервенциите, како и мониторинг и евалуација на родовите димензии во контекст на сите активности и проектни интервенции.

## ВОВЕД

Основниот принцип на еднаквост, односно недискриминација, воспоставено со Уставот на Република Македонија, гарантира дека „граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата, независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло и верското уверување, имотната и општествената положба. граѓаните се еднакви пред Уставот и законите“.

Овие уставни одредби се елаборирани и во повеќе законски акти. Така, во Законот за еднакви можности на мажите и жените, на сеопфатен начин се третира прашањето на родовата еднаквост и заштитата од дискриминација по основа на пол. Покрај тоа, на ова прашање му се посветува внимание и во низа други закони, посебно од областа на кривичното, семејното и работното законодавство, кои ја регулираат забраната за дискриминација во одделни домени и го промовираат принципот на еднаквост.

Остварувањето на еднаквите можности на мажите и жените, овозможува еднакво учество на жените и мажите во сите области од јавниот и приватниот сектор, еднаков статус и третман во остварувањето на нивните права, како и еднакви придобивки од остварените резултати.

Во овој контекст, работењето кон целта за постигнување на вистинска родова еднаквост и справување со постојните нееднаквости, често значи да се работи различно со жените и мажите, и да се признае дека мажите и жените имаат различни потреби и приоритети, се соочуваат со различни пречки, имаат различни аспирации и придонесуваат за развојот на различни начини.

Националната стратегија за родова еднаквост, е стратешки документ на Република Македонија, кој се донесува со цел унапредување на еднаквите можности на жените и мажите во севкупното општествено живеење во Република Македонија за периодот 2013 – 2020 година.

Економското зајакнување на жените претставува еден од клучните предуслови за унапредување на родовата еднаквост. Ниското учество на пазарот на трудот, родовиот јаз во платите, непризнаената домашна работа, како и ограничениот пристап до ресурси и раководни позиции се значајни фактори што оневозможуваат реализирање на целосниот потенцијал на жените и девојчињата и нивно рамноправно учество во сите општествени сфери.

Поради тоа е потребно е вреднување и мерење на неплатената домашна работа, степенот на промовирање на распределбата на домашните обврски, степенот на спроведени реформи преку што ќе се обезбедат еднакви права и пристап на жените кон економските ресурси, пристап до сопственост и контрола врз земјиште и други форми на имот, финансиски услуги, наследство и природни ресурси.

## ОПШТИ ПОИМИ И ТЕРМИНОЛОГИЈА

**Пол**

Ги идентификува биолошките разлики помеѓу мажите и жените, како што се жените да раѓаат и мажите да обезбедуваат сперма. Половите улоги се универзални.

**Род**

Ги идентификува општествените односи меѓу мажите и жените. Се однесува на односот помеѓу мажите и жените, момчињата и девојчињата, и како тоа е општествено конструирано. Родовите улоги се динамични, се менуваат со текот на времето и се разликуваат во различни општества и традиции.

**Родови улоги**

Научени однесувања во одредено општество/заедница или друга група, кои условуваат кои активности, задачи и одговорности се перцепираат како машки и женски. Родовите улоги се погодени од возраста, класата, расата, етничката припадност, религијата и од географската, економската и политичката средина. Промените во родовите улоги често се јавуваат како одговор на променливите економски, природни или политички околности, вклучувајќи ги развојните напори. Луѓето од сите родови играат повеќе улоги во општеството.

**Родови односи**

Хиерархиски односи на моќ помеѓу жените и мажите кои имаат тенденција да ги обесхрабруваат жените. Овие родови хиерархии често се прифатени како "природни", но се социјално утврдени односи, културно базирани и подложат на промена со текот на времето. Тие може да се видат во низа родови практики, како што се поделбата на трудот и ресурсите и родовите идеологии, како што се идеите за прифатливо однесување за жените и мажите.

**Родова свест**

Разбирање дека постојат општествено утврдени разлики помеѓу жените и мажите врз основа на научено однесување, што влијае на пристапот до и контрола над ресурсите. Оваа свест треба да се примени преку родова анализа во проекти, програми и политики.

**Родова сензитивност**

Ја опфаќа способноста да се признаат и истакнат постојните родови разлики, прашања и нееднаквости и да се инкорпорираат во стратегии и активности.

**Родови стереотипи**

Стереотипите се структуриран сет на верувања за личните атрибути, однесувања и улоги на одредена социјална група. Родовите стереотипи се пристрасни и често преувеличени слики на жени и мажи кои се користат постојано во секојдневниот живот.

**Родова дискриминација**

Систематски, неповолен третман на поединци врз основа на нивниот род, кој им ги негира правата, можностите и/или ресурсите. Диференцијалниот пристап на жените кон моќта и контролата на ресурсите е од суштинско значење за оваа дискриминација во сите институционални сфери, односно домаќинството, образованието, заедницата, пазарот и државата.

**Родова анализа**

Родова анализа е процес на анализирање на информации со цел да се осигури дека ефектите и ресурсите за развој се ефективно и правично насочени кон сите родови и успешно да се предвидат и да се избегнат какви било негативни влијанија кои развојните интервенции може да ги имаат врз жените и мажите или врз постојните родови односи. Родовата анализа се спроведува преку различни алатки и рамки. Таа вклучува методологија за собирање и обработка на информации за родот.

**Родова поделба на трудот**

Социјално утврдените идеи и практики кои дефинираат кои улоги и активности се сметаат за соодветни за жените и мажите, какви видови работа можат да работат мажите и жените. Додека родовата поделба на трудот има тенденција да се гледа како природна и непроменлива, всушност, овие идеи и практики се социјално конструирани.

**Родова еднаквост**

Еднаквоста меѓу мажите и жените се однесува на уживање на еднакви права, можности и третман од страна на мажи и жени од сите возрасти во сите сфери на животот и работата. Тоа подразбира дека сите човечки суштества се слободни да ги развиваат своите лични способности и да прават избор без ограничувања поставени од стереотипи и предрасуди за родовите улоги или карактеристиките на мажите и жените. Тоа значи дека различното однесување, аспирациите и потребите на жените и мажите се сметаат, вреднуваат и се фаворизираат подеднакво.

**Родова рамноправност**

Поттикнува обезбедување праведност и правда во распределбата на бенефитите и одговорностите помеѓу жените и мажите. Концептот признава дека жените и мажите имаат различни потреби и моќ и дека овие разлики треба да се идентификуваат и да се решат на начин кој ја поправа нерамнотежата меѓу половите (еднаквост на резултатите).

**Родов мејнстриминг**

Процесот на обезбедување дека жените и мажите имаат еднаков пристап и контрола врз ресурсите, придобивките од развојот и донесувањето одлуки во сите фази на развојниот процес, проекти, програми

или политики. Тоа значи интеграција на прашањата за еднаквоста во сите политики, програми и активности.

**Родови потреби**

Водејќи се од фактот дека жените и мажите имаат различни улоги врз основа на нивниот род, тие исто така ќе имаат различни родови потреби. Овие потреби можат да се класифицираат како стратешки или практични потреби.

**Родово планирање**

Се однесува на процесот на планирање на развојни програми и проекти кои се родово сензитивни и кои го земаат во предвид влијанието на различните родови улоги и родовите потреби на жените и мажите во целната заедница   или сектор. Тоа вклучува избор на соодветни пристапи за  решавање  на  не само практични потреби на жените и мажите, туку исто така ги идентификува влезните точки за предизвикување на нееднаквите односи (т.е. стратешките потреби) и за зголемување на родовата реакција на политичкиот дијалог.

**Пристап и контрола**

Продуктивните, репродуктивните и општествените улоги бараат употреба на ресурси. Општо земено, жените и мажите имаат различни нивоа на пристап (можност да искористат нешто) на ресурсите потребни за нивната работа и контрола (способност да ја дефинира неговата употреба и да ја наметне таа дефиниција на други) над тие ресурси.

**Зајакнување на жените**

Процес „одоздола нагоре“ за трансформирање на односите на родова моќ, преку поединци или групи развивајќи свест за подреденоста на жените и градење на нивниот капацитет да го оспорат. Зајакнувањето понекогаш се опишува како способност за избор, но, исто така, мора да вклучува способност за сознавање кои избори се нудат. Она што се гледа како зајакнување во еден контекст не мора да биде во друг.

## КОНТЕКСТ

Врз основа на податоците на ООН, жените на планетата главно не поседуваат земја, но главно ја обработуваат; немаат капитал, но работат повеќе за помалку пари, особено кога ќе се земе предвид бесплатната работа. Имаат помал пристап до културните добра и медиумите, иако ликот на жените во тие области масовно се злоупотребува.

Со жалење може да се констатира дека во нашата држава сè уште има рурални региони каде што живеат жени кои од различни причини (традиција, култура, религија и сл.) немаат можност да оформат солидно образование, не можат да се вработат, рано стапуваат во брак и оформуваат семејства, а имаат и ограничен пристап кон социјалната и здравствената заштита, што на крајот доведува до намален квалитет на нивниот живот. Проблемите со коишто се соочуваат жените од руралните средини најчесто се занемарувани од страна на надлежните институции или, пак, третирани со регуларни мерки коишто не секогаш доведуваат до посакуваниот резултат. Поради таквиот пристап, жените од руралните средини се во многу тешка ситуација и често спаѓаат меѓу најсиромашната популација, нивниот труд е ниско вреднуван, вклучително и трудот во семејното домаќинство, семејните обврски и работата на семејниот земјоделски имот.

Еднаквоста за жените е стратешки и оперативен императив на Мрежата за рурален развој. И покрај ветувачката политика и правна регулатива, постојаните родово-дискриминаторски социјални и културни норми, нееднаков пристап до земјата, продуктивни средства и нееднакво донесување одлуки, претставуваат главен фактор кој ги ограничува жените од подеднакво учество во руралниот развој во местата на нивното живеење.

Жените значително придонесуваат во земјоделството во руралните области и имаат клучна улога во руралните економии како центар на семејството за обезбедување и подготвување на храна и грижа за семејството. Меѓутоа, исто така е се соочуваат со голем број ограничувања - особено во нивниот пристап до продуктивни ресурси, како што се земјиште и финансиски услуги - кои ги спречуваат да станат подеднакво конкурентни економски играчи, способни да создадат подобар живот за себе и нивните семејства, и целосно да придонесе за растот на нивните заедници и на земјата воопшто.

Затворањето на родовиот јаз во земјоделството и во други аспекти на руралниот живот би можел да донесе значителен напредок во руралниот развој. Едноставно преку обезбедување пристап и контрола на ресурсите, жените ќе го зајакнат своето влијание во рамките на семејството што индиректно ќе придонесе врз подобрување на руралниот развој.

Важноста на инвестирањето во руралните жени како канал за прогресивната промена е значајна. Со цел да се постигне поголемо зајакнување и еднаквост, исто така, потребен е ангажман на мажите и

жените. Културната промена и однесувањето се составен дел од трансформацијата на домаќинствата и претставуваат предуслов за родова и социјална еднаквост. Поради тоа, подеднаквото вклучувањето на жените, мажите, девојките и момчињата во процесите на развој на руралните заедници е од витално значење.

## ВОДЕЧКИ ПРИНЦИПИ

- Родовата еднаквост мора да се смета како составен дел од сите политики, програми и проекти на Мрежата за рурален развој;
- Постигнувањето на родова еднаквост значи дека секоја политика, програма и проект влијае врз жените и мажите на различен начин;
- Постигнувањето на родова еднаквост не е значи дека жените стануваат исти како мажите, туку еднакви со мажите;
- Зајакнувањето на жените е централна определба за постигнување на родова еднаквост;
- Промовирањето на еднакво учество на жените како агенти на промени во економските, социјалните и политичките процеси од суштинско значење за постигнување на родова еднаквост;
- Родова еднаквост може да се постигне само преку партнерство меѓу жените и мажи;
- Постигнувањето на родова еднаквост вклучува специфични мерки дизајнирани да ја елиминираат родова нееднаквост; и
- Политиките, програмите и проектите на Мрежата за рурален развој треба да придонесат кон родова еднаквост

## ЦЕЛИ:

### *ГЛАВНА ЦЕЛ*

Да се поддржи постигнување на еднаквост помеѓу жените и мажите за да се обезбеди одржлив рурален развој

### *СПЕСИФИЧНИ ЦЕЛИ*

1. Жените подеднакво учествуваат со мажите како носители на одлуки во процесите на креирањето на политики, програми и активности во руралните средини

2. Жените и мажите имаат еднаков пристап и контрола за пристојно вработувањето и приход, земјиште и другите производни ресурси

3. Жените и мажите имаат еднаков пристап до стоки и услуги за земјоделски развој и еднаков пристап на пазарите за пласман на производите

## ОБЛАСТИ НА ДЕЛУВАЊЕ

Поставените цели да се постигнат преку 4 области на делување:

- Капацитетите на членките на Мрежата значително се подобрени во поглед на застапување, соработка, партнерства и практична примена на информации и знаења за родова еднаквост

- Капацитетот на членките на Мрежата за адресирање на родовите прашања во земјоделството и руралниот развој се зајакнати

- Развиени се организациските капацитети за поддршка, промоција и имплементација на родова еднаквост во организациски политики, стратегии и процедури

- Воспоставени се организациски системи за мониторинг и евалуација на родовата еднаквост на сите нивоа на организациско работење

## МИНИМУМ СТАНДАРДИ ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА РОДОВА ЕДНАКВОСТ (НАСОКИ)

1. **Усвојување на политика за родова еднаквост**

Усвојување и примена на политика која ја институционализира посветеноста на родовата еднаквост во во дизајнот на проектите/активностите/интервенциите, како и мониторинг и евалуација на родовите димензии во контекст на сите активности и проектни интервенции

2. **Развивање организациска структура и капацитет за родова еднаквост**

Промовирање на заедничка посветеност на родовата еднаквост преку обезбедување на соодветно разбирање, вештини и поддршка на ченките и имплеметаторите на активности

**3. Спроведување и употреба на родови анализи**

Родова анализа за секој проект, вклучување на различни засегнати страни и употреба на информациите од анализите и истражувањата при дизајнирање на активности и имплементација. Користете родова анализа за да ги разберете различните улоги, интереси и приоритети на жените и мажите и прилагодувајте ги политики, програми и проекти соодветно. Да се применува континуирано учење и анализа базирани на теренски искуства за развој поефективни пристапи и да генерираат информации за докази застапување и политички дијалог.

**4. Распределба на буџетски ресурси за родова еднаквост**

Распределба на организациски и програмски буџетски ресурси за исполнување на родовите аспекти во главните политики и потреби за градење капацитети. Спроведување на активности фокусирани на жените за да се одговори на постоечката нерамномерност во економските и можностите за кариера, донесување одлуки и обемот на работа.

**5. Користење на податоци поделени според пол и возраст**

Собирање, анализа и употреба на податоци поделени според пол и возраст за сите апликативни организациски планирања и дизајнирање на активности. Да се земат предвид разликите што постојат меѓу жените - возраста, националноста,етничката припадност, социо-економската категорија и динамиката на родовите улоги и односи.

**6. Креирање индикатори за родова еднаквост**

Развивање и следење на специфични индикатори за мерење на напредокот кон родова еднаквост.

**7. Менаџирање на ризик**

Извршете проценки на ризикот и развивајте соодветни стратегии за ублажување

**8. Воспоставување одговорност**

Воспоставување механизми за одговорност за следење на статусот на родова рамноправност во рамките на организациски практики и програми. Резултатите од родовата рамноправност може да се идентификуваат на различни нивоа, вклучувајќи политики, стратегии, програми или проекти, или во рамките на семејствата, заедниците, организациите и институциите

## ВОВЕДУВАЊЕ НА РОДОВО СЕНЗИТИВЕН СИСТЕМ ЗА МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

Родово сензитивниот систем за мониторинг и евалуација треба да им овозможи на членките на Мрежата да проценат како и до кој степен програмите, проектните активности/интервенции влијаат врз родовата еднаквост и и имаат влијание врз животот на жените и на мажите. Овој систем овозможува да се идентификуваат добри практики кои даваат добри резултати. Поконкретно, М & Е помага да се добијат следните податоци:

- ✓ Проценка на промени поврзани со родовата еднаквост во поглед на статусот, улогите и капацитетите на мажите и жените под влијание од имплементација на одредени програмски/проектни активности
- ✓ Анализа на учеството на мажи и жени во планирање, дизајн и имплементација на проктни активности и нивниот пристап и контрола на придобивките
- ✓ Да го измери социо-економското влијание ( позитивно и негативно) на програмите/проектите врз руралните жени и мажи
- ✓ Проценка како спесифична програма и имплеметација на спеифични активности ја промовираат ( или спречуваат) родовата еднаквост и зајкнувањето на жените

При креирањето на родовосензитивен систем за мониторинг и евалуација, постојат четири клучни чекори кои треба да се следат:

- ✓ Одлука што треба да се мери
- ✓ Дефинирање на индикатори
- ✓ Идентификување на изворот на податоци, фрекфенцијата на собирање и одговорен/а за собирање на податоците
- ✓ Известување ( систем на известување и фрекфенција на известување)